**МЕЃУНАРОДНА НАБЉУДУВАЧКА МИСИЈА ЗА ИЗБОРИ**

# поранешна југословенска Република Македонија
# Парламентарни избори – 5 јули 2006

## ИЗЈАВА ЗА ПРВИЧНИТЕ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ – ВЕРЗИЈА СО ИЗВРШЕНИ ПОПРАВКИ

**Скопје, 6 јули 2006 г. –** По приемот на поканата од страна на Министерството за надворешни работи за набљудување на Парламентарните избори кои се одржаа на 5 јули во поранешната југословенска Република Македонија, Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОБСЕ/ОДИХР) на 30 мај постави Набљудувачка мисија за избори (НМИ). За набљудувањето на денот на изборите, на ОБСЕ/ОДИХР ѝ се придружи и делегацијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ), со што беше формирана Меѓународна набљудувачка мисија за избори (МНМИ).

Оваа изјава за првичните наоди и заклучоци се дава пред целосното завршување на изборниот процес, вклучувајќи го сумирањето и објавувањето на конечните резултати, како и истекот на законските рокови за поднесување на евентуалните приговори и жалби. Конечната оценка на целокупните избори, делумно ќе зависи и од спроведувањето на останатите фази од изборниот процес. ОБСЕ/ОДИХР ќе го објави својот Конечен извештај околу два месеци по целосно завршување на изборниот процес, а во него ќе презентира една сеопфатна анализа на сите наоди на набљудувачите и ќе понуди препораки за натамошно подобрување на изборниот процес. Делегацијата на ПССЕ ќе го претстави својот извештај на пленарна седница на Собранието на Советот на Европа во октомври 2006 г.

## ПРВИЧНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Парламентарните избори кои се одржаа на 5 јули во поранешната југословенска Република Македонија, за ОБСЕ/ОДИХР се деветти пат таа да спроведува набљудување на изборите во целосен обем. Додека овие избори главно се во согласност со заложбите на ОБСЕ и заложбите на Советот на Европа за демократски избори, случаите на насилство и заплашување во текот на првата половина на кампањата и изолираните случаи на сериозни неправилности[1] на денот на изборите, фрлија сенка врз главно добро спроведени избори одржани во атмосфера на натпревар.

Од една страна, денот на изборите помина во главно тивка атмосфера, а гласањето беше спроведено на уреден начин во најголем дел од земјата, а работата на ИО беше оценета позитивно во најголем дел од гласачките места, беше известено за сериозни неправилности, кои го поткопаа универзалното и еднаквото право на глас, во одреден број општини, посебно во Боговиње, Брвеница, Гостивар, Струга, Студеничани, Теарце, Зајас и Желино. Неправилностите вклучуваат случаи на полнење на гласачки кутии, купување на гласови, групно гласање и гласање за други лица, како и случаи на тензии и заплашување. Не секогаш се почитувале постапките за гласање, заедно со важните механизми на сигурност против повеќекратното гласање. Ситуацијата се влоши во текот на пребројувањето на гласовите, која

[1] Во претходната верзија од изјавава следново беше испуштено поради техничка грешка: „ изолираните случаи на сериозни неправилности.“

беше негативно оценета во 16 отсто од набљудуваните пребројувања на гласовите. Додека од една страна не постоеја намерни обиди за злоупотреба на записниците за резултатите, беа увидени сериозни неправилности во 7 отсто од набљудуваните пребројувања, како и покрупни проблеми кај спроведувањето на постапката во 14 отсто од случаите.

Следниве позитивни особини го одбележаа изборниот процес, а неколку од нив позитивно одговараат на претходните препораки:

- ДИК ги усвои сите листи на кандидати поднесени од страна на 31 политичка партија и коалиција и две групи на гласачи, во рамките на единствена постапка.
- На избирачите им беше понудена конкурентна атмосфера и широк избор на политички алтернативи, вклучително и во самите етнички заедници.
- Електронските и печатените медиуми, во целина им понудија на гласачите голем број политички гледишта и обезбедија можност тие да избираат врз основа на информации.
- Иако новиот Изборен законик беше усвоен само три месеци пред изборите, ваквата усогласена регулатива обезбеди поиздржана основа за спроведување на изборите.
- Новоназначените членови на Државната изборна комисија (ДИК), како и составот на 84-те Општински изборни комисии (ОИК) ги спроведоа подготовките за изборите во голема мера на ефикасен, колегијален и консензуален начин, во согласност со законските рокови.
- За прв пат, ДИК оформи постојан секретаријат.
- Со Изборниот законик се воведоа квоти за половата застапеност на листите на кандидатите и органите за спроведување на изборите, како и одредби кои имаат за цел да ја гарантираат соодветната застапеност на националните малцинства во органите за спроведување на изборите.
- Работата на ИО беше оценета како „адекватна“, „добра“ или „многу добра“ во 97 отсто од гласачките места
- Набљудувачите на МНМИ известија дека на денот на изборите полицијата одиграла главно позитивна улога во одржувањето и враќањето на редот, кога за тоа постоела потреба.

Во исто време, беа увидени следниве недостатоци:

- Првата половина од изборната кампања помина во сенката на голем број инциденти на насилство, кои вклучија напади врз локални канцеларии на партиите, физички пресметки меѓу активисти на партиите и инциденти со користење на огнено оружје, без жртви. Такви инциденти се случија во следниве општини: Сарај, Теарце, Липково, Студеничани, Струга, Тетово и во општина Центар во Скопје.
- Набљудувачите на НМИ забележаа случаи на злоупотреба на државни средства, особено од страна на кабинетите на градоначалниците.
- Јавното радиодифузно претпријатие, Македонска телевизија, во своите програми ги претпочиташе владејачките партии.
- Државната антикорупциска комисија идентификуваше два случаи на незаконско користење на државни средства во текот на изборната кампања и ги повика надлежните институции да ги истражат натаму ваквите случаи.
- Политичките партии во голем број случаи излегоа со општи обвиненија дека бил вршен притисок врз гласачите, вклучувајќи и случаи на купување на гласови, кои беа потврдени од страна на Набљудувачката мисија за изборите (НМИ).

- Одредени аспекти од новиот Изборен законик, како што е обврската сите претседатели на Избирачките одбори (ИО) да бидат од редовите на државната или општинската управа, се покажаа како тешко спроводливи.
- Обуката на ОИК и ИО беше спроведена со задоцнување и на неусогласен начин. Во голем број случаи, изборните службеници го добија прирачникот за обука ден пред денот на изборите.
- Речиси половина од првостепените судови со кои НМИ стапи во контакт не беа запознаени со нивните надлежности за решавање на споровите поврзани со изборите, ниту со новиот Изборен законик.
- Правните механизми за заштита од противзаконско финансирање на кампањите мораат да бидат зајакнати, вклучително и преку разгледување на можноста за забрана на анонимните донации.

Институциите кои се претставени во МНМИ се подготвени да ѝ обезбедат поддршка на Владата, како и на граѓанските организации од земјата за подобрување на изборниот процес, во согласност со обврските кон ОБСЕ, како и стандардите за демократски избори на Советот на Европа и другите меѓународни стандарди.

## ПРВИЧНИ НАОДИ

### Позадина

Претседателот на Собранието на 20 април објави дека парламентарните избори во поранешната југословенска Република Македонија ќе се одржат на 5 јули 2006 г. Изборите требаше да се одржат до октомври 2006 г., но партиите се согласија изборите да се одржат на почетокот на предвидениот период од 90 дена за спроведување редовни избори. 120-те членови на Собранието се избираат според регионален пропорционален модел, но без постоење на праг кој треба да биде достигнат. По дваесет членови на Собранието се избираат во секоја од шесте избирачки единици, чии граници се дефинирани во рамките на Изборниот законик.

Голем број мислења ги посочија овие избори како важен показател за амбициите на земјата за натамошна интеграција во европските и евро-атланските структури.

Претходните парламентарни избори во земјата беа одржани 2002 г. По спроведувањето на тие избори формирањето на владата ѝ припадна на коалицијата предводена од страна на СДСМ „За Македонија заедно“ и етнички албанската Демократска унија за интеграција (ДУИ), кои управуваа во текот на целиот мандат на тој собраниски состав.

### Правна рамка

Овие избори се уредени со еден сеопфатен Изборен законик кој беше усвоен на крајот на март 2006 г. Иако беше комплетиран само три месеци пред изборите, законикот обезбеди поконзистентна основа за спроведување на изборите и воспостави една подобрена изборна рамка. Собранието на 12 јуни дополнително ги усвои и измените на Кривичниот законик со што се обезбедуваат построги казни за кривични дела поврзани со изборите, вклучувајќи и долги затворски казни.

Државната изборна комисија (ДИК) уреди и неколку аспекти на изборната постапка, меѓу другото, составот на изборните комисии и именувањето на нивните членови, обуката за службениците кои ги спроведуваат изборите, активностите на полицијата, како и правата и обврските на набљудувачите. ДИК усвои и голем број упатства и појаснувања во врска со одредени одредби од Изборниот законик.

За успешно спроведување на новата правна рамка беше потребно сите три составни елементи на изборниот процес, имено гласачите, политичките партии и државните институции, да го почитуваат словото и духот на законот и да го поддржуваат владеењето на правото. Одредени аспекти на новиот Изборен законик се покажаа тешки за спроведување во пракса, на пр. обврската сите претседатели на Избирачките одбори да бидат од редовите на државните или општинските службеници. Згора на тоа, постои потреба од натамошни појаснувања на одредени одредби на Изборниот законик. На пр. не беше доволно јасно што точно претставуваат „активности во рамките на кампањите," наспроти редовните партиски активности, па така кои се тие активности кои се дозволени да се вршат пред официјалниот почеток на кампањата.

Различни соговорници ја искажаа својата загриженост околу тоа дека политичките партии можеби не ги почитувале законските одредби во врска со финансирањето на своите кампањи, особено горните граници на трошоци за кампањите и користењето на забранети донации. Правните механизми на заштита против нелегалното финансирање сеуште се слаби, на пр. анонимни донации се дозволени. Исто така, политичките партии имаат обврска да поднесуваат финансиски извештаи во врска со финансирањето на кампањите, но не мораат да вклучат никакви детали околу трошоците, туку само вкупниот износ на потрошените средства. Така, надлежните институции имаат ограничени можности за спроведување детална ревизија врз пријавените трошоци. Конкретно, постои неефикасно спроведување и контролни механизми за обезбедување сигурност дека партиите ќе се придржуваат кон регулативата.

## Органи за спроведување на изборите

Изборниот законик за сите видови избори воспоставува три нивоа на органи за спроведување избори, вклучувајќи ја Државната изборна комисија (ДИК), 84 Општински изборни комисии (ОИК) и 2.976 Избирачки одбори (ИО). На 14 април Собранието ги назначи новите членови на ДИК.

Во согласност со новиот Изборен законик, опозициските партии, т.е. во овој случај Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), го предложи Претседателот на ДИК, а владејачките партии, во случајов ДУИ, го предложи потпретседателот на ДИК. Вообичаено, останатите пет членови на ДИК беа назначени по предлог на останатите главни политички партии.

За прв пат членовите на ОИК и на ИО и нивните заменици беа назначени по случаен избор од редовите на државните службеници, со користење на компјутеризирана база на податоци, а не од страна на политичките партии. Меѓутоа, според преодната одредба на Законикот, за овие избори, два члена на ИО и нивните заменици ќе бидат назначени од страна на политичките партии, т.е. еден од страна на опозициските и еден од страна на владејачките партии. Претседателите и нивните заменици беа избирани од редовите на државните службеници од државните органи и органите на локалната самоуправа, додека останатите членови и нивните заменици беа избирани од редовите на службениците кои работат во јавната администрација.

Постоеја посебни задолжителни критериуми за родовата и етничката рамнотежа во рамките на процесот на назначување на членовите на ОИК и ИО. Поради тоа што не можеше сите критериуми да бидат исполнети преку избирање на службеници од редовите на локалното население, околу 3.000 изборни службеници мораа да ја вршат својата должност во ОИК или ИО надвор од местата каде што гласаат. Општинските изборни комисии и државните и општинските институции заедно со ДИК одговорија на потребата лицата кои работата во органите за спроведување на изборите во текот на денот на изборите да се најдат на местата каде што треба да гласаат за да го остварат своето гласачко право.

ДИК во најголем дел од својата работа работеше ефикасно, колегијално и одлучуваше консензуално. Потребните обрасци, упатства и прописи за спроведување на гласањето беа усвоени во согласност со законските рокови и беа објавени на интернет страницата на ДИК. ДИК спроведе ограничена обука за гласачите, и тоа преку одреден број печатени материјали и три телевизиски спотови. За прв пат, на ДИК ѝ беше обезбедена поддршка од страна на постојан секретаријат, што придонесе за ефикасноста на нејзината работа.

Меѓутоа, примероците на гласачките ливчиња, кои мораа да бидат подготвени посебно за секоја од шестте изборни единици и кои содржеа различни комбинации на официјалните јазици, во зависност за која општина се однесува гласачкото ливче, беа усвоени со одредено задоцнување. Потоа во ДИК следеше постапка одбележана со несогласувања во врска со ова прашање, како и знаци на постоење на очигледен политички притисок врз членовите и претседателот на ДИК. Несогласувањата беа во врска со изгледот на името на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ на гласачкото ливче, при што претседателот на ДИК, кој беше именуван од страна на ВМРО-ДПМНЕ, јавно се закани дека ќе поднесе оставка. Беше постигнат компромис меѓу претседателот на ДИК и останатите членови на ДИК по спроведените консултации меѓу лидерите на главните опозициски и владејачки политички партии. На крајот гласачките ливчиња беа навремено отпечатени и доставени до Избирачките одбори.

Покрај редовните седници, кои беа отворени за јавноста и набљудувачите, ДИК исто така одржуваше неформални затворени седници. Постоеја моменти кога ваквата пракса довела до забуна меѓу самите членови на ДИК за тоа што е официјално усвоено, а што е само договорено во рамките на таквите состаноци. Дури откако НМИ на ОБСЕ/ОДИХР се обрати со прашање до ДИК во врска со таквата пракса на ДИК, таа ги отвори неформалните седници за набљудувачите. Иако ДИК формираше работна група која имаше задача да го подготви Деловникот за работа на ДИК, тој беше усвоен дури еден ден пред денот на изборите, предоцна за да се подобри внатрешната организација и транспарентноста на работата на ДИК. ДИК исто така започна со усвојување на записниците од нејзините претходни седници дури на 4 јули.

ДИК организираше задолжителна обука за Општинските изборни комисии и Избирачките одбори. Обуката за членовите на Избирачките одбори започна со значително задоцнување во споредба со првичната динамика. Описите на изборните постапки во рамките на таквите обуки не секогаш беа доследно предавани на слушателите. Негативното влијание од ваквата пракса се влоши со оглед на фактот дека официјалниот прирачник на ДИК за постапките на изборите не стигна до ИО на време.

## Избирачки списоци

Министерството за правда (МП) ги даде на увид на јавноста извадоците од Избирачкиот список (ИС) во своите регионални канцеларии од 5 до 19 мај. Како одговор на претходно посочените проблеми, МП исто така им овозможи на граѓаните преку интернет да проверат дали нивните имиња се наоѓаат на Избирачкиот список и исто така спроведе неколку проекти, заедно со домашната набљудувачка организација МОСТ, за поттикнување на граѓаните да ги проверат своите информации. Кај повеќе од 20.000 ставки на Избирачкиот список била извршена проверка од страна на граѓаните. Претходно, МП го ажурираше ИС и избриша околу 6.000 починати лица.

Како и во текот на претходните избори, неколку партии изразија сомненија околу точноста на ИС, меѓутоа покренаа постапка само во неколку конкретни случаи во законскиот рок за поднесување приговори. Најголем дел од искажаната загриженост беше во врска со гласачите кои живеат во странство, што беше поврзано со очекувања дека во нивно име ќе гласаат други лица. Според законот, таквите лица остануваат на ИС сè додека имаат постојано живеалиште во земјата. МП направи напор да ги намали ваквите потенцијални нарушувања, при што обележа со знакот ѕвезда во ИС околу 58.000 ставки на лица, познати на властите дека живеат во странство подолго од една година.

На 12 јуни, ДИК ги потпиша копиите од ИС за 2.976 гласачки места, како и 51 специјален извадок од ИС кои се користеа за предвременото гласање на 4 јули во воените касарни, затворите и центрите за внатрешно раселени лица (ВРЛ). Вкупно 3.514 гласачи (0,2 отсто од сите регистрирани гласачи) можеа да го остварат своето гласачко право во рамките на постапката за предвремено гласање. Од една страна Изборниот законик го уредува предвременото гласање за лицата кои се на отслужување на воен рок и затворски казни, но во него не се вклучени и ВРЛ; затоа упатствата на ДИК можеби и оправдано излегоа од опсегот на Изборниот законик.

## Регистрација на кандидати

ДИК на 2 јуни заврши со регистрацијата на листите на кандидатите. Вкупно, 31 политичка партија и коалиција, како и две групи гласачи, ги поднесоа своите листи на кандидати за една или повеќе изборни единици, при што ДИК, во единствена постапка, ги одобри сите листи. Беа регистрирани вкупно 135 листи. Единаесет партии и коалиции учествуваа во изборната трка во шестте изборни единици, а други седум партии и коалиции ги регистрираа своите листи во пет од вкупно шест изборни единици. Четири партии и две групи гласачи ги поднесоа своите листи само во една изборна единица. Бројот на листи на кандидати по изборна единица варираше од 19 до 29.

Беше искажана одредена загриженост околу одлуката на ДПА да постави на својата листа на кандидати едно лице против кое постојат две кривични обвиненија и уште едно против кое се води истрага за воени злосторства.

## Атмосферата на кампањата

Политиката главно е поделена по етнички линии, а клучните изборни трки се водеа меѓу етнички заснованите партии кои се бореа да ги освојат гласовите во рамките на своите заедници. Од 2002 г. наваму политиката во земјата стана сè порасцепкана, особено на страната на етничките Македонци, при што одреден број нови политички партии ги предизвикаа главните ривали на македонската етничка заедница, „За Македонија заедно“ и ВМРО-ДПМНЕ. Тие се: ВМРО-Народна партија (ВМРО-НП), која се оддели од ВМРО-

ДПМНЕ кон крајот на 2004 г., Новата социјалдемократска партија (НСДП), формирана во октомври 2005 г. од страна на поранешниот член на потесното раководство на СДСМ Тито Петковски, како и Демократска реконструкција на Македонија (ДОМ), формирана во јануари 2006 г. од страна на Лилјана Поповска, поранешен член на потесното раководство на помалиот коалициски партнер на СДСМ, Либерално демократската партија на Македонија. Главните етнички албански партии во составот на парламентот во заминување, ДУИ и Демократската партија на Албанците (ДПА), беа исто така едни од главните учесници во изборната трка. ДУИ учествуваше во трката во коалиција со две помали партии, од кои една го претставуваше бошњачкото малцинство.

Иако според Изборниот законик кампањата требаше да започне на 15 јуни, неколку политички партии спроведуваа активности на кампањи пред овој ден, вклучувајќи активности како конвенции, поставување билборди, како и патувања низ земјата на нивните партиски лидери. Беа искажани взаемни обвинувања дека тоа било во спротивност со Изборниот законик, меѓутоа Државната изборна комисија изјави дека таквите дејствија биле вон нејзините надлежности.

Иако лидерите на повеќето политички партии кои учествуваа во изборната трка на 13 јуни учествуваа и на јавното потпишување на Кодексот на однесување и се заложија за спроведување на фер избори, првата половина од кампањата помина во сенка на голем број инциденти, како и обвинувања и контра-обвинувања. Повеќето од инцидентите се случија во северозападниот дел од земјата, а во нив беа вклучени ДПА и ДУИ. Ваквите инциденти вклучија голем број напади врз активисти на партиите, како и локалните изборни штабови, посебно во Сарај и Теарце. Други напади се случија во општините Липково, Студеничани, Тетово и Струга. Еден инцидент со истрели од огнено оружје ноќта меѓу 18 и 19 јуни вклучи активисти на ДПА и ДУИ, но немаше повредени во текот на престрелките. Во друг инцидент кој се случи меѓу активисти на ДУИ и ДПА на 24 јуни во с. Рашче (општина Сарај) одреден број лица кои учествуваа во него беа претепани, а друго лице пак, беше повредено од истрел од огнено оружје.

Ноќта меѓу 21 и 22 јуни се случи физичка пресметка во центарот на Скопје во која беа вклучени активисти на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, а која произлегла од спор во врска со поставување на постери. Инцидентот, за кој партиите меѓусебно се обвинуваа, според некои извештаи, исто така вклучил и истрели од огнено оружје.

Политичките партии ѝ искажаа на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР општи обвинувања за постоење на притисок врз гласачите, вклучително и заплашување и давање мито, особено врз ранливите малцински заедници и вработените во јавниот сектор. Ова вклучува и заплашување со закана за губење на работното место или социјалната помош. Во еден случај, еден истакнат претставник на граѓанското општество извести дека му била понудена голема сума пари од одредена политичка партија за да не учествува во изборната кампања на ниедна друга партија.

Одредени партии ѝ се пожалија на НМИ дека активностите во нивните кампањи во одредени региони биле попречени поради напади на насилство или заплашување. НМИ увиде дека спроведувањето на кампањата на ДУИ во општините Сарај и Теарце беше попречено поради бројните напади на нејзините локални канцеларии. ДПА изјави дека активностите на нејзината кампања наводно биле попречени во кичевскиот крај. НСДП изјави дека наводно имала тешкотии да ги отвори своите локални канцеларии во општините Кочани, Куманово и

Гевгелија и обвини дека тоа се должело на притисок од страна на нејзините политички противници.

Опозициските партии искажаа особени општи обвинувања за постоење на злоупотреба на средствата на јавната администрација, посебно од страна на кабинетите на градоначалниците. НМИ забележа користење на простории во општинската зграда на општина Карпош во Скопје, која се користеше како партиски штаб од страна на градоначалникот на општина Карпош, кој исто така беше кандидат на коалицијата „За Македонија заедно“. Слично на ова, во Шуто Оризари службениците од јавната администрација признаа дека биле користени општински средства, како на пр. автомобили, човечки ресурси и телефони за активности за спроведување на кампањата.

Државната антикорупциска комисија идентификуваше два случаи на противзаконско користење на државни средства во текот на спроведувањето на кампањата, имено, преку продажбата на акциите на термо-централата ТЕК „Неготино,“ како и градежно земјиште во Скопје. Комисијата енергично и јавно го осуди ваквото кршење на Законот за спречување на корупцијата, повикувајќи ги сите институции да ги штитат јавните интереси на ефикасен начин и да ги искористат сите законски мерки кои им се на располагање за да ги истражат наводните нарушувања на законот.

Политичките партии, особено оние од опозицијата, во бројни наврати ја искажаа својата значителна недоверба кон другите партии, како и малата доверба во изборниот процес. Во изјавите кои во голем степен ја поткопуваат довербата во полициските сили, лидерите на ДПА во повеќе наврати ја обвинија полицијата за пристрасност во прилог на ДУИ, посебно во врска со судирите во Сарај. Министерот за внатрешни работи јавно ги отфрли таквите обвинувања.

Кампањите на поголемите партии на етничките Македонци се концентрираа на економските и социјалните прашања и можностите за ЕУ интеграција. Партиите силно ја критикуваа минатата работа и програмите на противничките партии. Наспроти ова, кампањите на ДУИ и ДПА се засноваа на успехот или неуспехот на владата во врска со унапредувањето на интересите на албанската заедница. Една од особините на кампањите беше и спроведувањето на негативна кампања со користење навреди против ривласките лидери на партиите. ДПА користеше мошне остра реторика против лидерот на ДУИ. Во подоцната фаза од спроведувањето на кампањите беше увидено зголемено прибегнување кон користење негативна кампања, особено преку користење на меѓусебни обвинувања на лидерите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, за постоење на корупција, вклучувајќи и кампања со лепење постери и објавување реклами во печатот, во кои се прикажува лидерот на ВМРО-ДПМНЕ во негативно светло.

**Учество на националните малцинства и жените**

Покрај етничките Албанци, останатите малцинства (Ромите, Турците, Власите, Србите и Бошњаците) имаат партии кои тврдат дека ги претставуваат нивните интереси, а повеќето од малцинствата се претставени во повеќе од една партија. Повеќето партии кои ги претставуваат помалите малцинства учествуваа во овие избори во составот на двете големи коалиции.

Изборниот законик одредува дека во општините каде барем 20 отсто од населението се „членови на друга етничка заедница,“ составот на ОИК и ИО мора да бидат заснован врз

начелото за „соодветна и правична застапеност,“ при што задолжително се користат јазиците на малцинствата во рамките на органите за спроведување на изборите. Ваквата обврска исто така се однесува и за гласачките ливчиња и сите официјални обрасци и документи.

НМИ на ОБСЕ/ОДИХР прими голем број извештаи за изборни неправилности поврзани со малцинските заедници, кои вклучуваа и обиди за купување на гласови за мали суми на пари, храна или подмирување на мали долгови; закани за губење на социјална помош или други јавни услуги; а на некои места и потешки форми на притисок и заплашување. ОБСЕ/ОДИХР увиде дека во Штип, личните исправи на Ромите кои биле оставени како гаранција за кредит во локалните продавници, веќе не биле на тие места на денот на изборите. Еден локален лидер на партија ја извести НМИ дека неговата партија ќе им даде на сопствениците на продавниците околу 500 евра за покривање на долговите на нивните членови.

Ваквата пракса, која всушност претставува прашање поврзано со сиромаштијата, а не со етничката припадност, особено влијаеше врз социјално и економски ранливите групи, особено Ромите. Еден лидер на партија не беше свесен дека купувањето на гласови е кривично дело казниво со казна затвор од најмалку пет години. НМИ исто така увиде дека постојат индикации дека на одредени Роми можеби ќе им биде ускратено правото на глас поради тоа што не се регистрирани кај властите или пак немаат соодветни документи за идентификација.

Одредбите на Изборниот законик имаат за цел да го унапредат учеството на жената во политиката. Според Законикот, барем едно од секои три места на листата на кандидати мора да биде пополнето од кандидат кој му припаѓа на помалку застапениот пол.

Оваа одредба беше почитувана од страна на сите подносители на листи на кандидати. Изборниот законик исто така одредува дека секој пол треба да биде застапен со барем 30 отсто од местата во органите за спроведување на изборите. Долгорочните набљудувачи известија дека ваквата обврска не била исполнета во шест од 84-те Општински изборни комисии.

## Медиуми

Во текот на целиот 20-дневен период на спроведување на кампањата, електронските и печатените медиуми на национално ниво им обезбедија на гласачите дневни информации во врска со активностите на кампањите и гледиштата на кандидатите. Информациите кои ги нудеа во врска со изборните кампањи исто така вклучија и специјални изборни блокови во кои се покриваа активностите на кандидатите кои учествуваа во изборната трка, а таквите блокови беа редовно емитувани на јавниот телевизиски сервис и на приватните ТВ канали.

Правната рамка со која се уредуваат медиумите во текот на периодот на траење на изборната кампања го вклучува Изборниот законик, Правилата за рамноправно преставување во медиумите како и соодветните одредби од Законот за радиодифузна дејност.

Јавниот радиодифузен сервис, Македонска телевизија (МТВ), се придржуваше кон законските одредби околу распределбата на бесплатното време за подносителите на листите на кандидатите на нејзините програми; прилозите беа распределени врз основа на бројот на поднесени листи на кандидати. Покрај ова, МТВ подготви одреден број дебати на нејзиниот трет канал МТВ+, а секоја од нив се концентрираше на различна тема, иако не се одржа ниту една дебати меѓу лидерите на двете главни партии на етничките Македонци. Одреден број на

дебати во кои беа вклучени албански кандидати беа емитувани на МТВ2, канал кој емитува претежно на албански јазик.

НМИ на ОБСЕ/ОДИХР спроведе анализа на главните електронски и печатени медиуми, како пред започнувањето на периодот на спроведување на официјалната кампања (2-14 јуни), така и од 15 јуни до денот на изборите[2]. Наодите од извршените анализи упатуваат на тоа дека во периодот пред официјалниот почеток на кампањата, националните радиуодифузери и весници детално ги покриваа активностите на Владата.

Во текот на официјалниот период за спроведување на кампањата, во вечерните информативни програми на МТВ1 коалицијата За Македонија заедно била покриена со 23 отсто од времето кое било наменето за политички субјекти, додека коалицијата ВМРО-ДПМНЕ добила 17 отсто од времето наменето за по0литички презентации. Вестите кои покриваа активности на владините претставници кои дејствуваа како официјални претставници на власта, на двете набљудувани јавни ТВ станици, беа значително подолги наспроти приватните канали (12 отсто и 11 отсто на МТВ1 и МТВ2, споредено со просекот од 3,6 отсто на трите набљудувани приватни канали).

МТВ2 во вестите на албански јазик им обезбеди на претставниците на ДУИ два пати повеќе време наспроти ДПА (39 отсто им припадна на ДУИ, а 15 отсто на ДПА). Исто така на 2 јули на овој канал во ударниот термин беше емитувана документарна програма посветена на Али Ахмети при што се славеше неговото дело. Од друга страна пак побалансирана слика на двете главни албански партии беше понудена од страна на канал МТВ2 во неговиот специјален изборен блок наречен Изборна хроника.

Приватните телевизиски канали ТВ А1 и ТВ Канал 5 понудија балансирано известување за двете главни коалиции во рамките на нивните информативни програми, додека ТВ СИТЕЛ ги претпочиташе опозициските партии во квантитативна смисла (40 отсто од времето посветено на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, во споредба со 19 отсто за коалицијата За Македонија заедно). А1 ТВ во своите информативни емисии се концентрираше на повеќе на Партијата за економска обнова (ПЕО) отколку на двата главни учесници во изборната трка (19 отсто време посветено на ПЕО, 13 отсто на владејачката коалиции и 13 отсто на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ).

Приватните и јавните ТВ канали не успеаја во нивната севкупна програма да се придржуваат кон законските обврски со кои националните медиуми мораат пропорционално да ги покриваат сите кандидати, во согласност со бројот на изборни единици во кои учествуваат во трката. Оваа одредба се покажа како проблематична за спроведување, главно поради тоа што постоеше различен интензитет на организирани активности поврзани со кампањата на различните подносители на листите.

Значителен број на платени реклами беа објавени во националните печатени и електронски медиуми, во најголем дел од страна на главните партии и коалиции. ПЕО, чиј лидер исто така е и сопственик на А1 ТВ, спроведуваше интензивна кампања на оваа телевизиска станица.

[2] Активностите на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР поврзани со следење на медиумите се сконцентрираа на програми кои се емитуваат во ударните термини на првиот канал на јавниот сервис Македонска радио и телевизија, МТВ1 како и трите приватни канали А1 ТВ, ТВ Сител и Канал 5 ТВ, како и најважните дневни весници на македонски и на албански јазик. При тоа, исто така се следеа и се анализираа и ударните вести и дебати на албански јазик на јавната ТВ станица МТВ2 како и бесплатните претставувања и дебати на МТВ +.

Во дневните весници беа објавувани колумни и коментари кои содржеа цела низа различни политички мислења. Весниците им обезбедија на гласачите информации околу активностите на кампањите, како и информации за техничките аспекти и постапки на изборниот процес.

Главно, тонот кој се користеше во покривањето на кампањите од страна на печатените и електронските медиуми беше умерен, со одредени партиски коментари објавени во одреден број приватни медиуми.

### Приговори и жалби

Заштитата на правата на кандидатите се гарантира преку две различни постапки. Кандидатите можат да отпочнат постапка за повреда на нивните права во текот на изборната кампања пред првостепените судови, чии одлуки можат да се обжалат пред апелационите судови. Кандидатите исто така можат да побараат правна заштита и пред ДИК и да ја обжалат одлуката на ДИК пред Врховниот суд. Покрај ова, секој гласач има право да поднесе приговор до ДИК во врска со заштитата на неговите или нејзините права, а понатаму и жалба до Врховниот суд. За сиве постапки постојат кратки рокови во кои мора да биде донесена одлука.

Меѓутоа, речиси половина од првостепените судови со кои НМИ стапи во контакт не беа запознаени за нивните нови на надлежности и обврски за решавање на приговори поврзани со изборите и не беа запознати со новиот Изборен законик.

### Домашни набљудувачи

Изборниот законик дозволува вршење набљудување, како од страна на домашни така и од страна на меѓународни набљудувачи. Најопсежното домашно набљудување беше организирано од страна на Здружението на граѓани МОСТ, кое ги набљудува изборите од 2002 г. наваму, а за овие избори распредели 3.500 набљудувачи. Покрај набљудувањето на предизборниот период и набљудувањето на денот на изборите, МОСТ спроведе и статистички предвидувања на резултатите во сите шест изборни единици врз основа на официјалните записници, познати под името „паралелно сумирање на резултатите.“

### Денот на изборите и пребројување на гласовите

Денот на изборите помина во главно тивка атмосфера, на уреден начин во поголемиот дел од земјата. Меѓутоа, беше известено за сериозни неправилности и нарушувања, кои го поткопаа универзалното и еднаквото право на глас во одреден број општини, особено во Боговиње, Брвеница, Гостивар, Струга, Студеничани, Теарце, Зајас и Желино. Набљудувачите на МНМИ известија за случаи на полнење на гласачки кутии, купување на гласови, кражба на гласачки ливчиња и друг изборен материјал, групно гласање и гласање за други лица, како и тензии и заплашување, вклучително и од страна на вооружени групи. Гласањето во неколку гласачки места мораше да биде прекинато поради такви инциденти.

Набљудувачите на МНМИ посетија повеќе од 1.700 гласачки места низ целата земја. Постапката за отворање на гласачките места беше оценета позитивно во 95 отсто од посетените гласачки места. Проблемите кои набљудувачите ги увиделе вклучуваат непополнување на записниците пред отворање на гласачките места (15 отсто од случаите), небележење на сериските броеви од заштитните сигурносни ленти на гласачките кутии (8 отсто од случаите) и непокажување на претставниците на политичките партии и

набљудувачите дека гласачката кутија е празна (15 отсто од случаите). Во неколку случаи недостасуваа важни делови од изборниот материјал .

Спроведувањето на гласањето беше оценето како „лошо“ или „мошне лошо“ во 5 отсто од посетените гласачки места. Гласање за други лица беше увидено во 3 отсто од посетените гласачки места, а семејно гласање во 18 отсто од случаите. Набљудувачите забележаа јасни индикации на полнење на гласачки кутии во десет случаи. Во 6 отсто од гласачките места, набљудувачите увиделе голем број на идентични потписи на ИС, а во 2 отсто од случаите гласачите не се потпишале во извадоците од ИС. Во 3 отсто од посетените гласачки места, гласачките кутии не биле соодветно запечатени со сигурносните ленти. Гласачите не биле проверувани или ретко биле проверувани дали на прстите имаат невидливо мастило, или пак воопшто не бил користен спреј со невидливо мастило, во 6 и 4 отсто од случаите, посебно. Во 5 отсто од посетените гласачки места, еден или обата печати не биле ставени или само некој пат биле ставани на гласачките ливчиња, што всушност ги прави таквите гласачки ливчиња неважечки. Во 11 отсто од посетените гласачки места, гласачите не секогаш го одбележувале својот избор на гласачкото ливче во тајност, а обиди да се влијае врз гласачите или пак некое лице „да им помага“ повеќе гласачи беа увидени во 4 отсто од случаите. Работата на ИО беше оценета како „добра“ или „мошне добра“ во 97 отсто од гласачките места, а голем број потфрлања при вршењето на постапките изгледа дека потекнуваа од непостоење на претходно искуство и несоодветна обука на членовите на ИО.

Беше известено за постоење на купување на гласови во Радовиш и Кочани (кај Роми), а за вакви обиди беше известено и од Струмица и Свети Николе. За притисок врз гласачите од страна на нивните работодавци беше известено од Чешиново-Облешево. За заплашување на Роми гласачи беше известено од Штип. Гласачки ливчиња и друг изборен материјал бил украден од Боговиње, Брвеница, Теарце и Желино. Набљудувачите на МНМИ биле спречени, добиле закани или биле заплашувани во четири случаи.

Беше известено за постоење на тензии и немир, како и заплашување, во самите гласачки места во 1 отсто од извршените посети. Неовластени лица биле присутни во 2 отсто од гласачките места, а во 2 отсто таквите лица се мешале или раководеле со работата на ИО. Толпи или недостаток на организација на гласачките места го попречиле изборниот процес во 5 отсто од посетените гласачки места, а само едно од секои две гласачки места може да се карактеризира дека нуди пристап за инвалиди.

МНМИ исто така спроведе ограничени набљудувачки напори за предвременото гласање во касарните, затворите и центрите на ВРЛ, како и гласањето на лица кои мораат да гласаат во своите домови. Во неколку случаи беа увидени грешки во постапката во текот на ова гласање, а тие изгледаше дека се должат на недостаток на посебна обука за ИО. Во Куманово во колективниот центар за ВРЛ, значителен број лица не беа вклучени во ИС, наводно бидејќи го загубиле статусот на ВРЛ.

Состојбата се влоши во текот на пребројувањето на гласовите, при што 16 отсто од пребројувањата беа оценети како лоши или многу лошо. Важни проблеми во спроведување на постапката беа увидени во 14 отсто од случаите, слабо или мошне слабо познавање на постапките од страна на ИО беше увидено во 12 отсто од случаите, а лоша или мошне лоша организација во гласачките места беше увидена во 14 отсто од случаите. Иако не беше забележан ниту еден случај на намерно фалсификување, беше известено за постоење на сериозни неправилности во 7 отсто од набљудуваните пребројувања на гласовите.

Клучните постапки не беа следени а механизмите за спречување на неправилностите не беа спроведувани. Ова вклучува непребројување на бројот на потписи на ИС, (во 14 отсто случаи) како и неуспех да се пребие бројот на гласови од ИС со бројот на неискористени гласачки ливчиња (во 15 отсто). Во 24 отсто од набљудуваните случаи, постапката на пребивање не била спроведена пред отворањето на гласачките кутии , а во 11 отсто случаи резултатите од пребивањето не биле бележени во записниците за резултати. Сериските броеви на заштитните ленти за запечатување на гласачките кутии не биле проверени во 17 отсто од случаите. Одредувањето дали гласачкото ливче е важечко или неважечко било оценето какао непостојано во 9 отсто од набљудуваните пребројувања, а во 24 отсто од случаите постоело несогласување меѓу членовите на ИО дали гласачкото ливче е важечко или не. Во случаи кога за валидноста на ливчето се одлучувало со гласање, ИО не запишал на опачината гласачкото ливче дека се гласало за неговата валидност во 69 отсто од пребројувањата. Во 5 отсто набљудувањата, гласачките ливчиња не биле одделени во купчиња според учесници во изборите, а во 2 отсто од набљудувањата цифрите не биле точно пресметани. За тензии и немир беше известено во 5 отсто од пребројувањата, додека неовластени лица биле присутни во текот на пребројувањето во 3 отсто од случаите.

Овластени претставници на партиите биле присутни во 95 отсто од посетените гласачки места, во текот на гласањето, а 93 отсто во текот на пребројувањето. Домашни непартиски набљудувачи биле присутни во 68 отсто од случаите, во текот на гласањето и во 69 отсто од случаите во текот на пребројувањето. Набљудувачите на МНМИ известија дека полицијата главно одиграла позитивна улога во одржувањето или враќањето на редот и мирот, ако за тоа имало потреба.

Набљудувачите на МНМИ исто така ги посетија и Општинските изборни комисии во текот на првичните фази на сумирање на резултатите, што главно беше изведено во согласност со постапките, иако во одредени случаи беа увидени сериозни разлики во обрасците за резултати кои им беа предавани на Општинските изборни комисии.

***Оваа изјава е достапна на македонски и албански јазик.***
***Меѓутоа, англиската верзија останува единствена официјална верзија.***

## ИНФОРМАЦИИ ЗА МИСИЈАТА И БЛАГОДАРНОСТ

Амбасадорката Одри Гловер (Велика Британија) е Шеф на Набљудувачката мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР. Г-дин Мевлут Чаушоглу (Турција) ја предводеше делегацијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ).

Набљудувачката мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР ја отвори канцеларијата во Скопје на 30 мај и распредели низ целата земја, во Скопје и во осум други регионални центри 33 долгорочни набљудувачи. На денот на изборите, МНМИ распредели околу 382 краткорочни набљудувачи од 45 земји членки на ОБСЕ, вклучувајќи ја 18-членаата делегација на ПССЕ. МНМИ го набљудуваше гласањето на низ целата поранешна југословенска Република Македонија во повеќе од 1.700 гласачки места од вкупно 2.976, како и пребројувањето на гласовите во 147 гласачки места. МНМИ исто така беше присутна и во сите 84 Општински изборни комисии со цел да ги набљудува сумирањето на резултатите.

МНМИ сака да му се заблагодари на Министерството за надворешни работи, Државната изборна комисија и другите национални и локални власти за нивната помош и соработка во текот на набљудувањето. МНМИ исто така сака го искаже своето задоволство и на Мисијата за набљудување на прелевањето на конфликтот на ОБСЕ во Скопје и другите меѓународни организации и амбасади за нивната поддршка во текот на траењето на оваа мисија.

За дополнителни информации, ве молиме контактирајте со:

- Урдур Гунарсдотир, Портапрол на ОБСЕ/ОДИХР (+48–603–683 122); или Холи Рутрауф, Советник за избори на ОБСЕ/ОДИХР, во Варшава (+48–603–793 783);
- Бас Клајн, Парламентарно собрание на Советот на Европа, во Стразбур (+33-662265489)